# Одговор
# на забелешки по
# Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Добиени се приговор и забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност – „Ефективност на политиките, мерките и активностите при доделувањето на договорите за јавни набавки на ниво на јавни претпријатија на Град Скопје“ бр.16-506/1 од 07.08.2018 година и тоа:

- На ден 22.08.2019 година добиен е приговор од раководното лице г. Абдусамед Шабани директор на ЈП Комунална хигиена Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-506/16 од 22.08.2019 година;
- На ден 02.09.2019 година добиени се забелешки од раководното лице м-р Борче Јакимовски директор на ЈП Градски Паркинг Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-506/17 од 02.09.2019 година;
- На ден 11.09.2019 година добиени се забелешки од раководното лице г. Сенад Смаиловиќ в.д. директор на ЈП Улици и патишта Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-506/18 од 11.09.2019 година;
- На ден 13.09.2019 година добиени се забелешки од раководното лице г. Кристијан Чушков директор на ЈСП Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-506/19 од 13.09.2019 година и
- На ден 19.09.2019 година добиени се забелешки од раководното лице г. Адријан Муча директор на ЈП Паркови и зеленило Скопје, заведени во Државниот завод за ревизија под број 16-506/20 од 19.09.2019 година

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

**<u>Забелешки од г. Абдусамед Шабани директор на ЈП Комунална хигиена Скопје</u>**

1. Забелешката на точка **3.7.1. алинеја 6 (Прилог бр. 8-5)** која се однесува на спроведени отворени постапки без утврдени количини за предметот на набавката, **<u>не се прифаќа</u>**. Од страна на надлежните вработени дадено е објаснување за причините поради кои не се утврдени количините во набавките и истите при вршење на ревизијата беа земени во предвид, но одредбите од ЗЈН предвидуваат утврдување на количините за предметот на набавката при спроведување на постапките кои завршуваат со доделување на договор за јавна набавка.

2. Забелешката на **точката 3.7.1., алинеја 10 (Прилог бр. 8-9),** која се однесува на отсуство на одредби за начинот на проверка и потврдување на квалитативниот прием во склучениот договор за медицински третман на бездомни животни, **<u>преставува известување</u>** за начинот на постапување од страна на надлежните вработени при реализација на договорот, но истото не е уредено со одредбите од договорот.

3. Забелешката на **точка 3.7.1., алинеја 2 (Прилог бр. 8-1),** која се однесува на спроведени постапки во кои учествувале понудувачи кои иако не ги исполниле условите кои се барале за докажување на способноста, не биле елиминирани од постапката, **<u>не се прифаќа</u>**. Имено, во постапките софтвер за интегриран софтверски пакет и лични заштитни средства и опрема побарани се документи за докажување на економско финансиската состојба и тоа – извод од целокупниот промет на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што е соодветно, од прометот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации. Економските оператори доставиле Образец - Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од Централен регистар на Република Македонија (ЦРРМ), но не и Образец за структурата на приходи по дејности од ЦРРМ, кој е составен дел на комплетот обрасци при доставување на годишна сметка.

4. Забелешката на точка **3.7.1. алинеја 11 (Прилог бр .8-10)** која се однесува на необезбеден доказ за направен квалитативен и/или квантитативен прием на стоката/услугата, односно не е доставен гарантен лист за набавени подземни контејнери со капацитет од 3 $м^3$ на 12 микролокации **<u>се прифаќа</u>**. Од страна на ЈП дополнително се доставени гарантните листови, поради што наведената констатација ќе биде соодветно коригирана во Прилог бр. 8-10 составен дел на Конечниот извештајот од овластениот ревизор.

<u>Забелешки од м-р Борче Јакимовски директор на ЈП Градски Паркинг Скопје</u>

5. Забелешката на **точка 3.1. (Прилог бр. 6),** која се однесува на преземени обврски без спроведена постапка за јавни набавки, **<u>претставува известување</u>** за планирана и спроведена постапка за набавка на електрична енергија во 2019 година, односно информација за преземени активности по дадена препорака во Нацрт извештајот за ревизијата на успешност.

6. Забелешките на **точките 3.5., 3.7.1. алинеја 3 (Прилог бр. 8-2) и 3.7.8.**,кои се однесуваат на спроведени постапки со преговарање без претходно објавување на оглас поради регистрирани ексклузивни права на авторско дело (одржување на системот за зонско паркирање и на паркинг системите поставени на јавните паркиралишта и програмирање на чип картички), преку кои не се остваруваат основните принципи утврдени во член 2 од ЗЈН и за кои на ревизијата не и беа презентирани анализи ниту иницијатива за набавка на софтверски решенија, **не се прифаќаат**. Во доставените забелешки наведено е дека во рамките на ЈП, а во врска со системот за зонско паркирање спроведени се три анализи, додека за одржување на паркинг системите поставени кај затворените јавни паркиралишта и програмирање на чип картички спроведена е сеопфатна анализа од страна на помошник на директор за планирање, унапредување на дејноста и развојни активности во кои е дефинирана исплатливоста на постојниот начин на функционирање и спроведување на постапките. Ревизијата истакнува дека наведените анализи не беа презентирани за време на вршење на ревизијата, ниту пак при доставување на забелешките, поради што ревизорскиот тим не беше во можност да ја процени содржината на наведените анализи како преземени активности за надминување на утврдената состојба.

7. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 3 (Прилог бр. 8-2)** која се однесува на извршената анализа и обелоденување на постапките за доделување на договори за јавни набавки на исти понудувачи како претходната година, односно повторен избор на исти понудувачи во наредната година, што укажува на ризик од договарање меѓу договорните органи и економските оператори или поделба на пазарот меѓу економските оператори, **преставува известување** за начинот на спроведување на постапките за доделување на договори за набавка на нафта и нафтени деривати, две специјални возила пајак, осигурителни услуги, услуги од агенција за привремени вработувања од страна на ЈП. Во текот на вршење на ревизијата, наведените информации беа согледани и истите не се оспорени од страна на ревизијата.

8. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 7 (Прилог бр. 8-6)** која се однесува на несоодветно определен вид на постапка за доделување на договори за јавна набавка (стока или услуга) во случај кога се работи за изнајмување на стока со или без опција за нејзино купување, **преставува известување** за идни активности од страна на надлежните лица.

**Забелешки од раководното лице г. Сенад Смаиловиќ в.д. директор на ЈП Улици и патишта Скопје**

9. Забелешките на **точка 3.7.1. алинеја 2 (Прилог бр. 8-1)** кои се однесуваат на спроведени постапки во кои учествувале понудувачи кои иако не ги исполниле условите кои се барале за докажување на способноста, не биле елиминирани од постапките (набавка на латерни за семафори и компјутерски програми, **<u>не се прифаќа</u>**.

   Со увид во целокупната документација, ревизијата констатира дека во постапката за доделување на договор за набавка на латерни за семафори недостасуваат два документи – Изјава за неосудуваност во последните 5 години и Уверение за платени даноци и придонеси. За оваа постапка во тендерската документација е уредено да се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки, каде во детали е опишан начинот на доставување на понудата (точки 1.4.2., 1.4.3., 1.12., 2.1.2.,2.1.4.,2.2.3.,4.7. од тендерската документација). Иако, надлежните вработени во ЈП, како составен дел на забелешките ги доставија документите кои недостасуваат, за истите не е обезбеден доказ дека биле приложени во електронскиот систем на Биро за јавни набавки во периодот на спроведување на набавката и не се електронски потпишана со користење на дигитален сертификат од одговорното лице на економскиот оператор или лице овластено од него.

   Доставената забелешка за постапката за доделување на договор за јавна набавка на компјутерски програми, претставува цитирани делови од тендерската документација, кои се однесуваат на елементите на понудата и начинот на докажување на личната состојба, како и законските одредби по тој основ. Истакнуваме дека сето тоа, ревизијата ги имаше во предвид при вршење на увид во начинот на спроведување на постапката. Имено, со член 102 став 5 и 6 од ЗЈН е уредено дека, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен до комисијата за јавна набавка да ги достави документите за потврдување на неговата лична состојба, дефинирани во поедноставената тендерска документација. Истиот текст е наведен и во точка 9.1. во тендерската документација за оваа постапка. Имајќи во предвид дека Одлуката за избор на најповолен понудувач е донесена на 17.02.2015 година, а документите за докажување на личната способност (Изјава на економскиот оператор дека во последните пет години не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари и документи за неосудуваност) на партнер – фирмата со која е склучен договор за конзорциум се со дата од 27.02.2015 година, ревизијата не ја прифати доставената забелешката.

10. Забелешката на точка **3.7.1. алинеја 8 (Прилог бр. 8-7)**, која се однесува на ненавремено доставување на банкарска гаранција за квалитетно

извршување на договорот за постапка за доделување на договор за градежни работи, **делумно се прифаќа**. Од страна на надлежните вработени доставени се склучените договори и банкарските гаранции за квалитетно извршување на договорот за трите фази на постапката наведени во Нацрт извештајот, при што забелешката за датумот на склучување на договорот и датумот на доставената банкарска гаранција за деветтата фаза се прифаќа и ќе биде соодветно коригирана во Прилог бр. 8-7 во Конечниот извештај.

**Забелешки од раководното лице г. Кристијан Чушков директор на ЈСП Скопје**

11. Доставената забелешка на **точката 1.2.,** која се однесува на спроведената постапка од итност за набавка на природен гас поради неажурност и ненавремено отпочнување на постапката, **преставува известување,** за начинот на постапување и причините кои ја предизвикале утврдената состојба (укинување на Советот за јавни набавки и промени во раководните и кадровските структури на ЈСП Скопје).

    Што се однесува до забелешката за начинот на финансирање на ЈСП и несигурноста во планирањето и обезбедувањето на приходите, а со тоа и неизвесноста во спроведување на набавките, како и воспоставената соработка и комуникација со Град Скопје, во Нацрт извештајот истакнати се состојби, кои се анализирани од аспект на постапките за доделување на договори за јавна набавка и дадени се препораки за нивно надминување и подобрување.

12. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 2 (Прилог бр. 8-1)** која се однесува на спроведена постапка (набавка на еуродизел БС (ДЕ-V), во која учествувале понудувачи кој иако не ги исполниле условите кои се барале за докажување на способноста, не биле елиминирани од постапката, **претставува известување** со кое се потврдува констатираната состојба. Одговорното лице за јавни набавки во ЈСП даде свое образложение за можните причини поради кои недостасуваат документите (постапката била обжалена и разгледана од ДКЖЈН, Управен суд и Виш Управен суд, поради што можно било некој документ во досието да недостасува).

13. Забелешката на **точката 1.1.**, која се однесува на констатацијата дека во интерните процедури поврзани со јавните набавки отсуствуваат одредби со која подетално би се регулирало планирањето на јавните набавки, **претставува известување** за постоењето на политики и процедури за важните функции во сите сегменти од работењето на претпријатиетo, поделбата на должностите и одговорностите и контроли за остварување на целите на ЈСП, воспоставување на соодветно контролно опкружување и

намалување на ризиците и сл. Истакнуваме дека целта на спроведената ревизија на успешност не беше анализа и оцена на воспоставениот систем на интерни контроли во ЈП, туку ефективноста на политиките и активностите при доделување на договори за јавни набавки во ЈСП Скопје и останатите јавни претпријатија основани од Град Скопје. Од тие причини не треба да правите споредба помеѓу двете ревизии кои имаат различна цел и области. Како една од областите предмет на спроведената ревизија на успешност беше „Планирање на јавните набавки“. Процесот на планирање на јавните набавки е од исклучително значење за правилна примена на законските одредби и навремено задоволување на вистинските потреби на ЈП во нивното работење, поради што од тој аспект формално беа побарани да се достават интерните процедури на ЈП поврзани со начинот на планирање, спроведување и реализирање на јавните набавки. Во Прилог бр. 1 даден е табеларен приказ на доставените документи од ЈП. Оние документи кои се дополнително доставени и се составен дел на Забелешките по Нацрт извештајот (процедури, работни инструкции, упатства, записници и друга финансиска документација), ревизијата ги разгледа и констатира дека дел од нив се поврзани со предметот на ревизијата на успешност, поради што табеларниот преглед Прилог бр.1 соодветно ќе биде надополнет. При тоа, ревизијата утврди дека и овие дополнително доставени документи не влијаеа да се смени констатацијата наведена во точка 1.1. од Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

14. Забелешката на **точка 3.7.7.** во која се наведени неправилности во однос на начинот на реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка на интегриран софтверски пакет **<u>не се прифаќа</u>**. Доставениот Записник за прием на Интегриран софтверски пакет бр.03-1535/1 од 16.09.2016 беше доставен на увид во текот на вршењето на ревизија во ЈСП Скопје и истиот беше анализиран со надлежните вработени. При тоа, ревизијата истакнува дека овој Записник претставува писмена потврда, која ја издава договорниот орган на носителот на набавката како потврда дека услугата одговара на техничката спецификација и техничкиот дел на понудата, а согласно член 9 од склучениот договор за набавка на интегриран софтверски пакет за потребите на ЈСП бр.08-750/1 од 12.06.2015 година. Во содржината на Записникот наведени се модулите каде има забелешки, истакната е неповрзаноста со останатите софтвери на ЈСП и било наведено носителот на набавката да достави меморандум со дефинирани рокови за отстранување на забелешките. Овој записник е еднострано потпишан од Комисија за прием составена од вработени во ЈСП. Погрешна е констатацијата дека Записник за прием на Интегриран софтверски пакет претставува основ за прифаќање, одобрување и исплата на фактурата доставена од носителот на набавката. Имено во член 5 од договорот е

наведен начинот на плаќање на услугата е по потпишување на Записник за примопредавање на интегриран софтверски пакет, на кој соодветно треба да се потпишат двете договорни страни соодветно за приемот и предавањето.

**<u>Забелешки од г. Адријан Муча директор на ЈП Паркови и зеленило Скопје</u>**

15. Забелешката на **точка 1.2.** во која се анализираат основните причини поради кои се јавува разлика меѓу бројот на планирани и спроведени постапки за доделување на договори за јавни набавки кај ЈП основани од Град Скопје, истовремено наведувајќи општа констатација дека отсуствува аналитички пристап при планирањето на потребите од набавки **<u>не се прифаќа</u>**. Имено, целта на ревизијата во овој дел е да се даде посебен осврт на важноста и потребата за навремено, аналитичко планирање на набавките, кое ќе се води од реалните потреби на претпријатијата, односно граѓаните на Град Скопје. Во оваа точката од ревизорскиот извештај, а преку анализа на постапките во кои ревизорскиот тим изврши увид, детектирани се основните причини поради кои се јавуваат слабости во планирање на набавките и ефектите кои истите ги предизвикуваат. Набавката на Карусел е наведена како постапка во која отсуствува аналитички пристап на планирање, без образложение за потребата од истата, во период кога се планира изградба на нов забавен парк. Меѓу другото, набавката е иницирана по барање на Град Скопје, откако бил донесен Планот за јавни набавки за 2015 година, поради што влијаело на измена и дополнување на Инвестиционата програма за 2015 година. Доставените документи во прилог на забелешката (Одлука од Совет на Град Скопје од 28.01.2015 година, Решение од Советот за ЈН по однос на барањето за добивање согласност за користење на критериуми за утврдување на способност од 04.02.2016 година, Изменување и дополнување на Инвестициона програма на ЈП Паркови и зеленило за 2015 година од 17.03.2015 година и Одлука за субвенционирање на ЈП Паркови и зеленило Скопје од 30.01.2015 година) беа доставен на увид во текот на вршењето на ревизија во ЈП Паркови и зеленило Скопје и заклучоците кои беа донесени потекнуваат токму од нивната анализа.

16. Забелешката на **точка 2.4**. која се однесува на назначување на член на комисија за јавни набавки - лице од секторот за финансии, кое е одговорно за контрола и плаќање на преземените обврски по склучените договори, што доведува до извршување на повеќе активности од страна на исто лице, без да постои сегрегација на оперативните од финансиските активности **<u>не се прифаќа</u>**. Од страна на надлежните вработени дадено е објаснување дека единствен услов во случаите кога се доделува договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра е задолжително да членува лице кое има потврда за положен испит за лице за јавни набавки, како и одговор од

БЈН на прашања и одговори каде што се посочува дека ЗЈН не пропишува дали лице од организациониот облик за финансиски прашања смее да биде член на комисијата за јавни набавки. Во извештајот од извршената ревизија е посочено дека поделбата на должностите и одговорностите е уредена со Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор и претставува еден од начините преку кои се намалува ризикот од грешки и неправилности, измами, непочитување на регулативата, како и ризик од неоткривање на овие неправилности. Поконкретно стандардот 13 – Поделба на должностите уредува дека финансиските и оперативните елементи на секоја операција треба да бидат верификувани од две меѓусебно независни лица, а функциите на иницирање и верифицирање на секоја операција мора да бидат раздвоени.

17. Забелешката на **точка 3.7.4**. која се однесува на тоа дека ЗЈН не го уредува прашањето дали и каде во тендерската документација да се предвиди доставувањето на каталози, кои при спроведена постапка од страна на договорниот орган (набавка на тревокосачки и моторни пили) се поставени во рамките на техничките спецификации и во образецот на техничка понуда што придонело за отфрлање на понудувачот кој што не ги доставил истите без да биде побарано дополнување на документацијата, како и причините за таквото постапување **<u>не се прифаќа</u>**. Во доставените забелешки од страна на надлежните вработени се потврдува дека ЗЈН не го уредува прашањето за каталози, цитиран е законот во поглед на документите за кои договорниот орган може да бара појаснување и дополнување во фазата на евалуација, како и објаснување дека комисијата за јавни набавки постапила согласно ЗЈН. Во текот на вршење на ревизијата, наведените информации беа согледани и истите не се оспорени од страна на ревизијата, односно објаснети се причините за начинот на постапување од страна на договорниот орган. Истакнуваме дека, констатираната состојба повеќе упатува на недореченостите во ЗЈН кои во пракса можат да доведат до намалување на конкуренцијата помеѓу економските оператори. Со новиот ЗЈН, наведените недоречености се надминати поради што ревизијата не дава препорака.

18. Забелешката на **точка 3.1. (Прилог бр. 6),** која се однесува на преземени обврски за набавка на електрична енергија, без спроведена постапка за јавна набавка во 2017 година **<u>претставува известување</u>** за причината поради која не е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на електрична енергија. Имено, во текстот на забелешките е наведено дека според податоците на Централен Регистар на РСМ, во 2017 година, ЈП според потрошувачката на електрична енергија не бил класифициран како субјект кој задолжително треба да спроведе постапка

за јавна набавка. При тоа, во ЗЈН не постојат одредби кои се во корелација со податоците кои ги издава Централниот регистар на РСМ во делот на постоење на соодветна листа на субјекти кои во зависност од потрошувачката се должни да спроведат постапка за доделување на договор за јавна набавка на електрична енергија.

19. Забелешката на **точка 3.7.1., алинеја 2 (Прилог бр .8-1),** која се однесува на спроведени постапки во кои учествувале понудувачи кои иако не ги исполниле условите кои се барале за докажување на способноста, не биле елиминирани од постапката, **не се прифаќа**. Оваа забелешка се однесува на постапката за набавка на горива, каде како доказ за економско финансиската состојба е побарано да се достави извод од целокупниот промет на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и онаму каде што е соодветно, од прометот во областа која се покрива со договорот за јавна набавка и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи таквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации. Причините поради кои не се прифаќа забелешката веќе се елаборирани во точка 3 од овој прилог.

20. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 3 (Прилог бр .8-2)** која се однесува на извршената анализа и обелоденување на постапките за доделување на договори за јавни набавки на исти понудувачи како претходната година, односно повторен избор на исти понудувачи во наредната година, што укажува на ризик од договарање меѓу договорните органи и економските оператори или поделба на пазарот меѓу економските оператори, **преставува известување** за согледани можни причини од ваша страна.
Што се однесува на констатацијата за техничка грешка во табеларниот преглед **Прилог бр. 8-2**, кај постапката - ангажирање на агенција за привремено вработување за потребите на ЈП, информираме дека не се работи за грешка, односно во колоната „Забелешка од ревизијата" образложен е наведениот износ од 36.718 илјади денари и во истиот се вкалкулирани исплатените провизија и бруто плати за лицата ангажирани преку агенцијата за привремени вработувања.

21. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 5 (Прилог бр. 8-4)** која се однесува на користени критериум за утврдување на способност во постапката за доделување на договор за јавна набавка на горива, кои според барањата не се пропорционални со предметот на договорот за јавна набавка, **не се прифаќа.** Имено, во делот на докажување на техничката и професионална способност во оваа постапка се бара економскиот оператор да располага,

односно да обезбеди минимум една бензинска пумпа на подрачјето на градот Скопје, минимум една бензинска пумпа на подрачјето на општините Охрид, Битола, Гевгелија, Штип, Куманово, Велес и Тетово. Во услови кога ЈП својата дејност ја обавува преку 20 пункта кои се распоредени само на територијата на градот Скопје, воведувањето на овој критериум не е пропорционален со предметот на договорот и наведува на тенденциозност во изборот на понудувач. Кон ова се надоврзува и фактот што доставените фактури за набавка на гориво во 2017 година се издадени од бензински пумпи на територија на град Скопје.

Што се однесува до користењето на стандардна тендерска документација и стандардна техничка спецификација, уредени со Правилникот за формата и содржината на стандардните тендерски документации и стандардните технички спецификации и начинот на нивно користење од страна на договорните органи, во член 12 е дадена можност (може, но не и мора) договорниот орган да ги користи стандардните тендерски документации и/или стандардните технички спецификации во целост. Правилникот овозможува да се употреби дадената рамка, но и да се прилагоди на потребите. Во случај кога договорниот орган со користењето на стандардните тендерски документации и/или стандардните технички спецификации неповолно влијае на примената на основните начела на ЗЈН (член 2), истите без двоумење не требал да ги користи.

Во содржината на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, во прилог на докажување на вашето исправно постапување за спроведената постапка за доделување на договор за набавка на гориво, го наведувате и решението донесено од ДКЖЈН, по претходно доставена жалба од економски оператор. Доставената жалба од економски оператор се однесува на истиот критериум (докажување на техничката и професионална способност), при што ДКЖЈН донесува решение со кое жалбата ја одбива како неоснована. Ревизијата констатира дека ДКЖЈН ова решение го носи врз основа на доставени невистините податоци од страна на ЈП кои гласат: „ЈП има законска можност да ја извршува основната дејност на територија на Република Македонија, воедно и да учествува како економски оператор на огласи за јавни набавки за подигање, одржување и ангажирање на хортикултурни површини на територија на Република Македонија...“. Истакнуваме дека, во Статутот на ЈП во член 14 е наведено дека „претпријатието е правно лице кое врши дејност од јавен интерес од областа на уредување и одржување на животната средина и природата како стопанска дејност од јавен интерес за Градот Скопје“. Исто така, во членовите 16 и 17 наведени се основната дејност на ЈП со шифри и активностите кои ги врши „го уредува и одржува на зеленилото во Градот Скопје, врши подигање на нови зелени површини, ги одржува, уредува и заштитува парк- шумата Водно, парк- шумата Гази Баба, спортско

рекреативни центри Сарај и Езеро Треска, а согласно Законот за комунални дејности, Законот за локална самоуправа и Законот за Град Скопје“.

22. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 8 (Прилог бр. 8-7)** која се однесува на ненавремено доставување на банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот за постапките - набавка на плодна почва со транспорт и прекопување на површина и утовар на шут и неплодна земја со возило 25 км со сукцесивна испорака и набавка на пластични црева, прскалки, заштитни капаци, елементи за хидрантска мрежа, електро елементи за хидрантска мрежа и алат и потрошен материјал за хидрантска мрежа, **<u>преставува известување</u>** за начинот на постапување од страна на надлежните вработени при реализација на договорот, поради тоа што деловните банки банкарските гаранции ги издаваат по склучување на договорот за јавна набавка.

23. Забелешката на **точка 3.7.1. алинеја 9 (Прилог бр. 8-8)** која се однесува на склучени договори каде недостасуваат казнени одредби за носителот на набавката во случај кога тој доцни или не го исполнува договорот за постапка - агенција за привремено вработување за потребите на ЈП Паркови и зеленило, **<u>не се прифаќа</u>**. Во доставените забелешки ЈП истакнува дека е направена техничка грешка во делот на податокот за износот на реализацијата на договорот по наведената постапка. Напоменуваме дека во вкупниот износ на реализација на договорот од 36.718 илјади денари, покрај износот на исплатената провизија е вклучен и износот на исплатена бруто плата за лицата ангажирани преку Агенцијата за привремени вработувања.

24. Забелешката на **точка 1.2. (Прилог бр. 2)** во која се наведени постапките за доделување на договори за јавни набавки, опфатени со ревизијата, кои се спроведени по барање/одлука на Град Скопје **<u>претставува известување</u>** кое ја потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата.